# Службен гласник

## на Општина Струмица


| Број 1 | Вторник , 24 јануари 2012 год. |
| --- | --- |

www.strumica.gov.mk


**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица:**


| | | Стр. |
| --- | --- | --- |
| **1.** | **Одлука** за одобрување Проект за бесплатна медијација ............................ | 2 |
| **2.** | **Одлука** за отстранување на објект – отворен градски базен ............................. | 3 |
| **3.** | **Одлука** за набавка и отуѓување на патнички моторни возила ...................... | 3 |
| **4.** | **Одлука** за донесување на Деталeн урбанистички план за дел од У.Е. “2“ Урбан блок 19 во Струмица ................... | 4 |
| **5.** | **Решение** за разрешување и именување на претседател и членови на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот ............................ | 5 |
| **6.** | **Програма** за дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2012 година ......................... | 6 |
| **7.** | **Предлог – План** за запишување на ученици во I година во Средните општински училишта во Општина Струмица во учебната 2012/2013 година . | 7 |
| **8.** | **Листа** за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Струмица ............................. | 10 |
| **9.** | **Заклучок** за усвојување на Информацијата за состојбата со јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за подрачјето на општина Струмицаза периодот од 1 јули – 31 декември 2011 година .......................... | 12 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за одобрување Проект за бесплатна медијација

1. Се објавува Одлуката за одобрување Проект за бесплатна медијација, донесена на седницата на Советот на општина Струмица одржана на 23.01.2012 година.

Бр. 08 - 496/2 Градоначалник
24.01.2012 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

................................

**1.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 6/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.01.2012 година, донесе

**О д л у к а**
**за одобување Проект за бесплатна медијација**

Член 1

Се одобрува Проектот за бесплатна медијација за граѓаните на Општина Струмица.

Член 2

Се одобруваат средства во висина од 50% вредноста на медијацијата по предмет, или најмногу до 170.800,оо денари, што претставува 50% од вредноста на медијацијата за 200 предмети согласно Проектот.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.07-496/1 Совет на општина Струмица
23.01.2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

..................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за отстранување објект – отворен градски базен

1. Се објавува Одлуката за отстранување на објект – отворен градски базен, донесена на седницата на Советот на општина Струмица одржана на 23.01.2012 година.

Бр. 08 - 497/2 Градоначалник
24.01.2012 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.............................

**2.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 6/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.01.2012 година , донесе

**О д л у к а**
**за отстранување на објект – отворен градски базент**

Член 1

Се одобрува отстранување на руинираниот нефункционален објект – отворен градски базент во Струмица на КП бр. 11 во површина од 2041 м$^2$, опишан во Имотен лист број 15841 во КО Струмица, сопственост на Општина Струмица, стекната со Решение за пренесување право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на Општина Струмица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2000).

.

Член 2

Отстранувањето се врши заради релизација на Деталниот урбанистичкиот план за Урбан блок 38 за изградба на нов објект и изградба на нов градски базент.

Член 3

По одстранувањето на објектот да се изготви геодетски елаборат за промена на културата на земјиштето и тоа да се спроведе во катастарот на недвижности за КО Струмица

Член 4

По завршениот упис во катастарот, градежната парцела 38-50 да биде понудена на продажба со обврска за реализација согласно намената на градежната парцела.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.07-497/1 Совет на општина Струмица
23.01.2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

..............................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за набавка и отуѓување на патнички моторни возила

1. Се објавува Одлуката за набавка и отуѓување на патнички моторни возила , донесена на седницата на Советот на општина Струмица одржана на 23.01.2012 година.

Бр. 08 - 498/2 Градоначалник
24.01.2012 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.............................

**3.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 6/06), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.01.2012 година, донесе

**О д л у к а**
**за набавка и отуѓување на патнички моторни возила**

Член 1

Се утврдува потреба за набавка на две патнички моторни возила со работна зафатнина на моторот до 1400 см$^3$.

Член 2

Средствата за набавка на патничките моторни возила ќе се обезбетат од Буџетот на општина Струмица за таа намена, а набавката да се спроведе според Законот за јавни набавки.

Член 3

Се одобрува отуѓување по пат на јавно надавање на старите патнички моторни возила:

- ШКОДА ФЕЛИЦИЈА со регистерски број SR 663ВА
- ЛАДА САМАРА со регегистерски број SR 728 AI
- ЗАСТАВА 101 со регегистерски број SR 888 AF
- ПЕЖО 306 со регегистерски број SR 550 BE

Средствата добиени од отуѓувањето на моторните возила од претходниот став може да се инвестираат само за набавка на основни средства од ист вид.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.07-498/1 Совет на општина Струмица
23.01.2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

..........................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од У.Е. “2“ Урбан блок 19 во Струмица

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од У.Е. “2“ Урбан блок 19 во Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица одржана на 23.01.2012 година.

Бр. 08 - 499/2 Градоначалник
24.01.2012 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

................................

**4.**

Врз основа на член 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/08) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.01.2012 година, донесе

**О д л у к а**
**за донесување на Детален урбанистички план за дел од У.Е."2" Урбан блок 19 во Струмица**

Член 1

Се донесува Детален урбанистички план за дел од У.Е."2" Урбан блок 19 во Струмица

Член 2

Деталниот урбанистички план за за дел од У.Е."2" Урбан блок 19 во Струмица е со површина од 26,77 ха и граничен опфат меѓу ул. „Гоце Делчев“ , граница на плански опфат на град Струмица и ул. "1" дефинирана со ГУП на град Струмица и е изработен од СТАН арт доо Куманово.

Член 3

Деталниот урбанистички план за Урбан блок 19 во Струмица е составен од:

- текстуален дел (документациона основа и планска документација)
- графички дел (документациона основа и планска документација)

Член 4

Деталниот урбанистички план за дел од У.Е."2" Урбан блок 19 во Струмица се заверува со потпис и печат на доносителот на планот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр.07-499/1 Совет на општина Струмица
23.01.2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

............................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 6/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Решението за разрешување и именување на претседател и членови на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот

1. Се објавува Решението за разрешување и именување на претседател и членови на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, донесено на седницата на Советот на општина Струмица одржана на 23.01.2012 година.

Бр. 08 - 503/2 Градоначалник
24.01.2012 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..............................

**5.**

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04), член 4 од Одлуката за формирање Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 11/09) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.01.2012 година, донесе

**Р е ш е н и е**
**за разрешување и именување на претседател и членови на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот**

1.Се разрешуваат членовите на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и тоа:

- Ицо Милушев, претседател
- Катица Партенова, замен. претседател
- Бранко Гарванлиев, член
- Нетка Глигорова, заменик член
- Билјана Христоманова, член
- Ице Бонев, заменик член

2. Во Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на општина Струмица, се именуваат:

- Драга Кршкова, претседател
- Томе Андреев, заменик-претседател
- Тиме Комаров, член
- Теодора Таукова, заменик-член
- Софија Ристова, член
- Љупка Цветкова, заменик-член

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр.07-503/1 Совет на општина Струмица
23.01.2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

...........................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица" бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2012 година

1. Се објавува Програмата за дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2012 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица одржана на 23.01.2012 година.

Бр. 08 - 500/2 Градоначалник
24.01.2012 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...........................

**6.**

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст („Службен весник на Република Македонија" бр.24/08) и член 20 од Статутот на општина Струмица - пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица" бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.01.2012 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2012 година**

Во Годишната програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2012 година („Службен гласник на општина Струмица" бр. 23/11) се врши следното дополнување:

Во глава

**IV. Локална урбанистичка планска документација со која се уредува користењето на просторот вон планските опфати**

По реден број 12 се додава

| **р.б.** | **Објект** | **Износ денари** |
|---|---|---|
| 13 | КП бр. 488/1 КО Просениково | самофинасирање |

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-500/1 Совет на општина Струмица
24.01.2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на

општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Предлог – План за запишување на ученици во I година во Средните општински училишта во Општина Струмица во учебната 2012/2013 година

1. Се објавува Решението за објавување на Предлог – План за запишување на ученици во I година во Средните општински училишта во Општина Струмица во учебната 2012/2013 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица одржана на 23.01.2012 година.

Бр. 08 - 495/2 Градоначалник
24.01.2012 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...............................

**7.**

Врз основа на член 31 од Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.01.2012 година, донесе

## Предлог – П л а н
## за запишување на ученици во I година во Средните општински училишта во Општина Струмица во учебната 2012/2013 година

**Училишта:**

1. **Средно општинско училиште “Јане Сандански”** Струмица.

Во прва година ќе се запишаат вкупно **376** ученици распоредени во **11** паралелки на македонски наставен јазик, од кои во:

**Гимназиско образование**

**238** ученици, распоредени во **7** паралелки, на македонски наставен јазик и во

**Стручно образование**

**138** ученици распоредени во **4** паралелки на македонски наставен јазик и тоа на Економско-правна и трговска струка за профилот економски техничар.

## 2. Средно општинско училиште “Никола Карев” Струмица

Во прва година ќе се запишат вкупно **500** ученици, распоредени во **15** паралелки на македонски наставен јазик и тоа на следните струки во стручно образование:

| Струка | Профил | Ученици | | | | Паралелки | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | мак.ј. | алб.ј. | тур.ј. | вкупно | мак.ј. | алб.ј. | тур.ј. | вкупно |
| Машинска | Техничар за компјутерско управување | 34 | | | 34 | 1 | | | 1 |
| | Автотехничар-мехатроничар | 34 | | | 34 | 1 | | | 1 |
| | Бравар | 34 | | | 34 | 1 | | | 1 |
| | Машинист за термо постројки<br>Инсталатер на водовод | 17<br>17 | | | 17<br>17 | 1 | | | 1 |
| | ВКУПНО | 136 | | | 136 | 4 | | | 4 |
| Текстилно-кожарска | Конфекциски техничар | 68 | | | 68 | 2 | | | 2 |
| | Конфекциски техничар за компјутерско управување | 34 | | | 34 | 1 | | | 1 |
| | ВКУПНО | 102 | | | 102 | 3 | | | 3 |
| Електроте-хничка | Електротехничар-енергетичар | 34 | | | 34 | 1 | | | 1 |
| | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 34 | | | 34 | 1 | | | 1 |
| | Автоелектричар | 34 | | | 34 | 1 | | | 1 |
| | Електромеханичар Г Т З | 24 | | | 24 | 1 | | | 1 |
| | ВКУПНО | 126 | | | 126 | 4 | | | 4 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сообраќајна** | **Техничар за патен сообраќај** | **34** | | | **34** | **1** | | | **1** |
| | **Техничар за транспорт и шпедиција** | **34** | | | **34** | **1** | | | **1** |
| | **ВКУПНО** | **68** | | | **68** | **2** | | | **2** |
| **Шумарско-дрвопрера-ботувачка** | **Техничар за мебел и ентериер** | **34** | | | **34** | **1** | | | **1** |
| | **ВКУПНО** | **34** | | | **34** | **1** | | | **1** |
| **Градежна** | **Градежен техничар** | **34** | | | **34** | **1** | | | **1** |
| | **ВКУПНО** | **34** | | | **34** | **1** | | | **1** |
| **С Е В К У П Н О** | | **500** | | | **500** | **15** | | | **15** |

## 3. Средно општинско училиште “Димитар Влахов” Струмица

Во прва година ќе се запишат **340** ученици, распоредени во **10** паралелки на македонски наставен јазик и тоа на следните струки во стручно образование:

:

| **Струка** | **Профил** | **Ученици** | | | | **Паралелки** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **мак.ј.** | **алб.ј** | **тур.ј** | **вкупно** | **мак.ј** | **алб.ј** | **тур.ј** | **вкупно** |
| **Земјоделско-ветеринарна струка** | **Техничар за фармерско производство** | **68** | | | **68** | **2** | | | **2** |
| | **Техничар за хортикултура** | **34** | | | **34** | **1** | | | **1** |
| | **Лозаро-винарски техничар** | **34** | | | **34** | **1** | | | **1** |
| | **Вкупно** | **136** | | | **136** | **4** | | | **4** |
| **Хемиско-технолошка струка** | **Преработувач на жито, брашно, шеќер** | **34** | | | **34** | **1** | | | **1** |
| | **Прехрамбен техничар** | **68** | | | **68** | **2** | | | **2** |
| | **Вкупно** | **102** | | | **102** | **3** | | | **3** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Здравствена струка | **Фармацевтски-лабораториски техничар** | **34** | | | **34** | **1** | | | **1** |
| | **Медицинска сестра** | **34** | | | **34** | **1** | | | **1** |
| | **Физиотерапевтски техничар** | **34** | | | **34** | **1** | | | **1** |
| | **Вкупно** | **102** | | | **102** | **3** | | | **3** |
| **ВКУПНО** | | **340** | | | **340** | **10** | | | **10** |

Педлог Планот ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица“ и ќе се достави до Министерството за образование и наука.

Бр. 07-495/1 Совет на општина Струмица
23.01.2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

..................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Листа за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Струмица

1. Се објавува Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица одржана на 23.01.2012 година.

Бр. 08 - 501/2 Градоначалник
24.01.2012 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..........................................

**8.**

Врз основа на член 5 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 55/07, 141/10 и 136/11) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Стрмица“ бр. 5/06), а по добиена согласност од Владата на Република Македонија бр. 51-6939/1 од 27.12.2011 година, Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.01.2012 година, донесе

**Л и с т а**
**за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Струмица**

**I.** За имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Струмица се определуваат:

- Македонија;
- Филип Македонски;
- Борис Трајковски;
- Панко Бршнаров;
- Методија Андонов – Ченто;
- Христо Чернопеев;
- Стојан Ѓорѓиев;

- Коста Мазнејков;
- Иван Ајдински;
- Солунски атентатори;
- Гаврило Радомир;
- Добромир Хрис;
- Петте струмички студенти;
- Атанас Јанев;
- Коле Китанов;
- Стевчо Василев;
- Костаќе Хаџикотарев;
- Дончо Христоманов;
- Васил Карчев;
- Панде Кујумџиев;
- Кирил Динков;
- Ѓорги Самарџитрајков;
- Панде Масев;
- Тошо Масев;
- Глигор Новаков;
- Ристо Стаменов;
- Васе Туџаров;
- Миле Колев;
- Кирил Тренчев;
- Ѓорги Мицев;
- Васил Хаџитосев;
- Димитар Стојков;
- Лилјана Маркова Куцулова;
- Костадин Стамболиев;
- Ванчо Фончев;
- Кољо Орцев;
- Глигор Новаков;
- Ѓорѓи Стоев (Трнката);
- Иван Николчев (Шопо);
- Ацо Алексов;
- Стојчо Балкански;
- Александар Думов;
- Наско Џорлев;
- Стојан Гогов;
- Кирил Здравевски;
- Чедо Христов;
- Сандо Монев;
- Атанас Мучев;
- Алеко Протогеров;
- Тоше Проески;
- Кочо Урдин;
- Ристо Шишков;
- Видое Подгорец;
- Чедо Хаџијски;
- Димитар Циев;
- Димитар Кафтанџиев;
- Тома Фиданчев;
- Димитар Качурков;
- Петар Миљковиќ - Пепек;
- Манол Пандевски;
- Бранко Панов;
- Христо Стамболиев;
- Ѓуро Петров;
- Георги Сувариев;
- Георгие Пецанов;
- Драгољуб Боцинов;
- Димитар Галев;
- Христо Јаневски;
- Блаже Конески;
- Евлија Челебија;
- Кемал Ататурк;
- Мајка Тереза;
-Уфе Елеман Јесен;
- Анри Барбис;
- Франклин Рузвелт;
- Свети Леонтие Ерусалимски;
-Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици;
- Баба Ванѓа;
- 8 Септември
- 18 Август;
- 23 Октомври;
- Разловечко востание;
- Стара чаршија;
- Агроберза,
- Велински бунар;
- Цареви кули;
- Астраион и
- Пијаченца.

II. Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Струмица, влегува во сила по објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.07-501/1 Совет на општина Струмица
23.01.2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

....................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбата со јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за подрачјето на општина Струмица за периодот од 1 јули – 31 декември 2011 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбата со јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за подрачјето на општина Струмицаза периодот од 1 јули – 31 декември 2011 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица одржана на 23.01.2012 година.

Бр. 08 - 502/2 Градоначалник
24.01.2012 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

**9.**

Врз основа на член 25 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр.114/06) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.01.2012 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Информацијата за состојбата со јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за подрачјето на општина Струмица за периодот од 1 јули – 31 декември 2011 година**

1. Се усвојува Информацијата за состојбата со јавната безбедност и безбедноста на сообраќајотна патиштата за подрачјето на општина Струмица за периодот од 1 јули – 31 декември 2011 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила по објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица.

Бр.07-502/1 Совет на општина Струмица
23.01.2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.